Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. Со самото стерилизирање/кастрирање се очекува во 2020 и во 2021 година на територијата на општина Босилово процентот на популација на бездомни кучиња да биде во опаѓање.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

## 2.ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

2.1. ***Универзален принцип***– Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблем кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

*2.2.* ***Принцип на одржливост*** - Програмата воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него;

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- •Да се воведе концептот на одговорно сопственишштво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- •Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- • Дасе поттикнат и промовираатнајдобритепрактикиодсоседнитеземји;
- • Да се промовира одговорна грижа за „маалските" бездомни кучиња;
- • Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- •Да се поттикне волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- • Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- •Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;